„Никогаш не сум видел човек со коса што му паѓа на рамењата да изгледа поубаво во црвена облека од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем

Ел-Бера, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Никогаш не сум видел човек со коса што му паѓа на рамењата да изгледа поубаво во црвена облека од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Неговата коса достигнуваше до рамењата, рамењата му беа широки, а висината му беше средна – ниту премногу висок, ниту низок.“

[متفق عليه] [صحيح]

Ел-Бера бин Азиб, Аллах нека е задоволен со него, известува дека никогаш не видел човек со коса која му паѓа на рамењата, облечен во наметка и долна облека со црна основа и црвени линии, да изгледа поубаво од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Од неговите физички особини биле: широки рамења и гради, а по висина бил среден – ниту висок, ниту низок.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/2990